# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**О Д Л У К А**
за распределба на школарината за студирање и евиденција на уплатите на третиот циклус академски – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје ....................................... 3

**О Д Л У К А**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје .. 4

**О Д Л У К А**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет – Скопје .......... 5

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се прецизираат износите од член 5 и се утврдуваат дополнителните надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет – Скопје ( во натамошниот текст: Факултетот), од член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

| Ред. бр. | Назив на услугата | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите (член 5, точка 4 од Анексот) | 200,00 |
| 2. | Издавање потврди за статус на студент (член 5, точка 14 од Анексот) | 100,00 |
| 3. | Издавање потврди по разни основи (член 5, точка 15 од Анексот) | 600,00 |

**Член 2**

На студентите запишани на прв и на втор циклус студии на Факултетот, им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и согласно со оваа одлука.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа одлука и со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и согласно со оваа одлука, престанува да важи Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Градежниот факултет во Скопје, бр. 02-01/104-13 од 13.5.2024 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување во Универзитетски гласник, а ќе започне да се применува од учебната 2024/2025 година.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Горан Марковски, с.р.**